СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-4632/5
22.07.2022 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на Четврттата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за 22.07.2022година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам Четврттата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат 16 советници, отсутни се тројца. Ќе се вклучат преку ZOOM апликацијата онлајн. Перо Николов, Весна, Ружица тука.
Констатирам дека има кворум за работа и сите 19 советници се присутни со тоа можеме полновжно да одлучуваме.
Согласно член 40 став 4 од Законот за Локална самоуправа пред започнување на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините за свикување на вонредната седница.

Поврзано со претходната точка е и втората точка односно Правилникот за внатрешна организација на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, која ке значи функционирање на јавното претпријатие.

Потребата од ставање на дневен ред на третата точка од дневниот ред Квартален Извешатај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци –Втор Квартал е согласно член 32 од Законот за финансисрање на единиците на локална самоуправа, каде што Градоначалникот доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот на општина во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во однос на 4-тата точка од дневниот ред Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга, приоритетноста произлегува од потреба на исполнување на критериумите на ФФМ за учество на ГРАДСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ ТИКВЕШ 1930 АД КАВАДАРЦИ, во прва македонска фудбалска лига.
Врз основа на образложението за свикување на оваа вонредна седница, Ве повикувам да гласаме за оправданоста за причините за свикување на Четвртата Вонредна седница.

Кој е за. Перо дали си за.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Весна.
СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: За.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ: Ружица.
СОВЕТНИЧКА РУЖЦА РИСТОВА: За.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Едногласно усвоена.
Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог на Дневен ред за работа на седницата закажана за денес и тоа:

1.Предлог-Програма за работа со финансов план на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за 2022 ;
2.Предлог-Правилник за внатрешна организација на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
3.Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година – Втор квартал;
4. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга;

Точките 5 и 6 СЕ ИЗЗЕМААТ од дневниот ред .

Согласно член 40 став 3 од Законот за Локална Самоуправа на вонредна седница не може да се менува дневниот ред, затоа предлагам да преминеме на гласање на предложениот дневен ред. Кој е за. Едногласно. Пере. Ружица, Весна за.

Преминуваме на разгледување на точките од утврдениот дневен ред.

1.Предлог-Програма за работа со финансов план на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за 2022 ;

Отварам претрес по оваа точка. Повели советниче.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседавач на Совет, почитувани колеги советници, почитувана јавност. Во врска со Програма за работа со финансов план на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ сакам да истакнам дека ова е младо претпријатие, сите гласавме за него во формирање и сакам да дадиме подршка со една забелешка што ќе ја кажам од моја страна. При формирањето на Управниот и Надзорниот Одбор не бевме повикани независните советници од Советот и од тие причини ќе гласам за Програмата, меѓутоа за секое наредно под лупа ќе го гледам целосно работењето на ЈП и критички ќе се осврнувам за секое неработење како што треба и само да знаете дека кога би се предложиле кандидати и од наша страна ќе беа предложени квалитетни кандидати за Управен и Надзорен Одбор како што се договаравме со независниот советник Ристо Сакалиев. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Дали некој друг бара збор.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани по однос на барањето на советникот во делот за Управниот Одбор. Значи јас мислам дека може тоа да го исправите и во идно време да си го дополните Управниот Одбор со повеќе членови или направите соодветни, или го дополните Одборот со плус двајца члена може да има, поради тоа што и самите знаете дека тој Управен Одбор е без надомест и Надзорниот, пошто е ново претпријатие и добро е да учествувувате сите, а без разлика дали сте од Управенот или не сте сепак треба да се грижиме за секое претпријатие за неработењето да биде критикувано. Нормална работа. Така да ете може да го проширите Управниот Одбор со плус членови за да имат учество сите што сакаат да имаат учество. Така да Претседателе може и на кординација тоа да си го решите.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Значи во текот на наредната седница ќе ја земиме оваа конструктивна забелешка од ваша страна советниче дека ќе биде тоа имплементирано. Дали некој друг бара збор за предложената прва точка на дневниот ред на вонредната седница. Бидејќи никој не бара збор првата точка на предложениот Дневен ред, односно Предлог-Програма за работа со финансов план на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за 2022 ја ставам на гласање. Заедно со Амандманот за финансискиот план. Кој е за. 9 за. Перо, Ружица, Весна. Да. 12 за. Против.Двајца. Воздржани .5.
2.Предлог-Правилник за внатрешна организација на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор,,ја ставам точката на гласање. Кој е за. 14 за. Пере. Весна. Ружица. Да. 17за. Против. Двајца против.
3.Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година – Втор квартал;
Отварам претрес по оваа точка. Дали неко бара збор. Повели Веса Богева.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, почитувани присутни, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Општина Кавадарци за првиот семестар значи има остварено приходи и има изреализирано расходи кои што истите можеме да ги видиме со доставениот Квартален извештај за вториот квартал. Според овој извештај значи јас ќе гледам накратко да ги кажам моите размислувања и чисто информативно да ја запознаеме јавноста со процентот на остварени приходи, односно расходи и со структурата во делот на тековно-оперативниот биланс и во

делот на капиталниот биланс Во делот на остварените приходи процентот е вкупен 45%, но тука доминира процентот на 81 % остварени приходи од кредити, дотациите се со значителен процент со оптимален процент значи 48%, во делот на самофинансирање имаме слаба реализација 24%, во донациите имаме слаба реализација 29, а во основниот буџет што посебно не интересира нас како советници е 39%. И кога би оделе во делот на структура кои приходи се остварени значи даночните приходи се остварени со оптимален процент 50%, се извинувам 70%, 50% се по некоја структура на даночни приходи и во делот на неданочни приходи тука имаме слаба реализација и околу 7%. Значи уште кога разговаравме за буџетот кажавме дека има некои ставки. Токму овие даночни приходи беа реални ставки внесени во основниот буџет и тие се остварени и се остваруваат. Но голем процент на неостварување на приходите имаме во делот на неданочните приходи и како ќе се движи натаки во вторит семестар ќе видиме бидејќи од овие приходи исто се како апсолутен износ голем и ќе го загрозат финансиското работење на Општината. Исто имаме голем процент на остварување и над планираниот. Тоа е надоместокот за градежното уредување се околу 60 000 000 денари што ги оствaривме како приход и значително ја подобрија ситуација. Значи овој 39% ќе беше значително помал. Значи како бројка 45% е можеби добра, но кога ќе направиме анализа во структурата имаме некои проблеми што треба да се надминат во иднина и да секако ќе следува ребаланс затоа што имаме голем процент на неостварени приходи или 0 или многу мал процент што треба да се надополнат со некои други што биле непланирани. Инаку и во делот на К2 каде што се обврските имаме значително намалување на обврските, се платени, но тоа значи дека со извршување на овој буџет ние плаќаме обврски од претходната година. Значи беа 138 000 000 обврските на Општина Кавадарци над 60 дена, сега се намалени со плаќања што се извршени во првиот квартал. Значи обврски што се створени нови, побаравме од финансии кои се нови обврски создадени во овие 6 месеци. Тие се околу 32 000 000. Значително се мали во однос на вкупните обврски на тоа што не е платено. Значи на некој начин Општината се труде да си ги покрие обврските што се створени во претходниот период, во претходната година или во почетокот на годината да се надеваме дека во иднина ќе се успее да се одржи тој континуитет да износот на обврските се одржува или да биде значително зголемен. Навистина тоа ќе биде тешко, но секако ќе видиме како ќе се движат работите во следниот период до крајот на годината. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги советници, почитуван Претседател на Совет, Градоначалник, медиуми, администрација. За пофалба е овој квартален извештај, оваа 6 месечна реализација каде што се гледаат приходите и расходите кумулативно, каде што можеме да видиме дека реализацијата на буџетот е на високо ниво, каде што можеме да видиме дека буџетот е реализиран, односно 491 678 000 денари од вкупниот планиран буџет од 1 113 549 000 денари или 44 %. Тоа е за пофалба бројка и не верувам друга општина во Р. Македонија да има таа реализација на буџетот. Во делот како позначајни ставки кои ќе ги наведам гледам од даночните приходи 149 169 965 денари се реализирани, односно наплатени 211 300 000 денари или околу 70,6%, во делот од расходите во износ од 1 113 549 000 денари 476 555 678 денари се реализирани, односно 42,80% што ми е најбитно во овие делови и најмило што е за интерес нели на Кавадарчани и на граѓаните се капиталните расходи, кои се реализирани на високо ниво 48,62% или од предвидените 302 565 000 денари се реализирани 147 811 000 денари или аналитички за реализирање за купување опрема машини, каде што спаѓа урбаната опрема, сообраќајните знаци, јавното осветлување . Значи од предвидените 69 000 000 се реализирани 29 258 000 денари или околу 38%, во делот на други градежни објекти Кавадарци има една градежна експанзија каде што моментално мислам дека во ниту една претходна година не било вака, значи нема дел во градот или урбана заедница каде не се граде, гледаме дека таму има реализација на градежните објекти односно на расходите за капитални градежни објекти во износ од 110 322 813 денари или од вкупното 214 435 000 денари или реализација од 51,54%. Значи стварно е за пофалба оваа реализација. Мислам дека овој квартален извештај значи ги дава бројките кои што е реалноста дека Општината се движе во правилна насока. Исто како што спомна и претходно колешката. Значи за пофалба се што се намалиле обврските. Значи Општината навреме си ги плаќа своите обврски. Како што можеме да видиме во јануари Општината имала 112 000 000, 130 000 000, 138 000 000 обврски, додека сега во Кварталниот Извештај според Извештајот значи К за обврски до 6-те месеци се намалени, односно се на износ од 64 922 000 денари. Тоа значи дека Општината навреме си ги надмирува своите обврски и е финансиски во солидна состојба. Благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги, Претседател на Совет, Градоначалник, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. На минатата седница на Совет ние имавме ребаланс на буџет и тогаш спомнав, ќе спомнам и сега дека е логично првично да добиеме Извештај за начинот и динамиката со која што се реализираат приходите и расходите во

буџетот, а после да правиме ребаланс на буџет се со цел да имаме една реална основа врз основа на која што го правиме ребалансирањето односно промената на ставките, промената на ставките треба да ја правиме во оние делови каде што сме имале послаба реализација. Од она што го гледаме денес во овој квартален извештај најголем процент на реализација е за кредити, односно за оние повлечени транши, кои што ги реализира Општина Кавадарци и дотациите се реализираат со онаа динамика и со она темпо со кое треба да се реализира односно 48 кома нешто 49% е реализацијата на наменските дотации кои што Општината ги добива од страна на централната власт. Во делот на, има одредени потфрлања на пр. во делот на самофинансирачките активности имаме реализација од само 24%, односно имаме низок степен на реализација на приходите и во делот на донациите имаме 29%, а реализацијата на капиталните приходи изнесува 25% односно 52 100 000 денари. Имаме реализација од само 13 000 000. Реализацијата на тековно оперативните приходи е во одреден дел задоволителна заради тоа што изнесува 40%, меѓутоа кога ќе ги погледниме структурално кои приходи и кои ставки се реализирани и со која динамика ќе видиме дека ние во одреден дел сме го искористиле капацитетот за прибирање на финансиски средства во однос на оваа година, а имаме сериозни потфрлања во делот на одредени приходи каде што јас сум скептик дека и во наредниот период би имале подобра ситуација. Тоа конкретно моја забелешка е во делот на неданочните приходи, каде што имаме од планирани вкупно 218 000 000 реализација од само 16 000 000 односно од само 7%, на пр. во делот на профити од јавни институции за кои што апелираме и во временскиот период кога се носеше буџетот дека тешко би се реализирале тие средства таму имаме реализација, но да не ги наведувам има одредени други слаби приходи кај што процентот на реализација е 15, 20%. Во однос на капиталните расходи јас би сакал да спомнам она што треба да го гледаме како износ кој што го трошиме за капитални расходи по мене е во делот на градежните објекти, а прашање е кога зборуваме за капитални расходи е во однос на квалитетот, односно во однос на кој е импактот на една капитална инвестиција која што го дава во однос на економското заживување да кажам, мислам импактот кој што го дава во економијата на еден начин затоа овој дел кој што е за опрема, машини, такви работи мислам дека имаат послаб ефект економски, наспроти тоа во споредба со оние на пр. оние што се градежни работи и градежни оперативи. Во делот на долгот сакам да кажам дека од она што го гледаме, кое што претставува само еден дел на долгот, а тоа е доспеани, а ненадмирени обврски кај што имаме намалување од 138 000 000 во месец март на 64 000 000. Јас се надевам дека и во наредниот период ќе

ја држиме Општината барем во однос на оваа работа во една оваква состојба. Овоа намалување се должи на наплатата на одредени комуналии кои што ги доби Општината во месец април. Јас не би сакал да стане пракса да во иднина треба да се доведуваме во ситуации да даваме постојано кога ќе дојдиме во ваква незавидна ситуација која што бевме, да постојано даваме нови маркици за градба и да со тоа стимулираме едно дивеење во делот на бетонизацијата која што јас ја нарекувам во Општина Кавадарци. Ви благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател, почитувани советници, почитувани служби, медиуми и сограѓани. Добро е што се отвори вака поплодна конструктивна дискусија во делот на кварталот кој што е изминат на шестмесечието во делот на приходите и реализацијата на буџетот на Општина Кавадарци. Ако во јануари месец и февруари бевме критикувани за голем т.н. голем долг према добавувачи, денеска тоа не е критика затоа што Општината ги намали своите обврски и се во една подобра кондиција и нормала некоја која што ги пратиме нашите коминтенти во делот на изградбата, а за возврат на таа ситуација воопшто не е намалена комуналната изградба, напротив имаме одлична комунална изградба во делот на она што е основна обврска на Општина Кавадарци. И тука јас би се заблагодарил и на службите и на сите наши коминтенти и инвеститори затоа што нашиот план за реализација на Општина Кавадарци, кои што ги имаме се одвива во одлична динамика и баш во консултација со службите досега Општина Кавадарци немала ваква реализација на буџетот од 40% во првиот квартал затоа што првиот квартал е најтешкиот, оние јануари, февруари, март месеци се на некој начин непродуктивни, затоа што градежната сезона не е почната, решенијата на данок на имот се издаваат на крај на март, а тоа се нашите основни приходи, ние не сме комерцијално посветени, така да тие се единствени приходи кои што Општината ги остварува по однос на сопствен буџет. Едни од клучните приходи. Покрај да не заборавиме да спомниме во комуналната изградба има работи коишто се надвор од нашиот буџет, а се многу значајни. Тоа е 2 200 000 евра грант кој што го имплементираме и го оствaруваме добиен од КВФ Банка заедно со Сојузна Република Германија, имплементиран заедно со Министерството за транспорт и тоа е комплетен грант од 2 200 000 евра и комплетно средување на атмосферските води, канализациона МРЕЖА и водоводна мрежа во централно градско подрачје, периферии во Општина Кавадарци и е за поздравување што и динамиката на изработка оде во добар правец. Да не ги заборавиме да ги спомниме, во делот на комуналната и инфраструктурната изградба Брушани водоводот кој што е аплициран и добиен преку Владата, преку ТАВ

програмата, сериозна инвестиција од 600 000 евра која што е во завршна фаза и сега е во таа трета фаза започнување на приклучоци на нови водомери, а тоа е 750 приклучоци, кое што воопшто не е незначително, него е многу голем благодет . Исто преку ТАВ програмата патот за Дреново комплетна рехабилитација, проширување и реконструкција на самиот пат кој што е исто од 600 000 евра инвестиција преку Дирекција за регионален развој. Имаме два проекта. Едниот е отпочнат, асфалтирање на 1 км во село Бохула. Исто преку Дирекцијата имаме за воведување работа од понеделник и ќе биде асфалтирана улицата во населбата Дисанска, поточно Парк населбата новата зградите. Во делот преку Планскиот Вардарскиот регион имаме повеќе проекти. Едниот проект кој што е веќе тендериран и е во завршна фаза е набавка на противпожарните возила. Така да Општина Кавадарци ќе добие противпожарно возило. Можеби ќе треба мало кофинансирање од Општината, али тоа ќе излезе после аукцијата која што ќе заврши во Вардарски Регион. Да не заборавиме дека 2 проекта, кои што се одобрени од Швајцарската Агенција, А и тоа се комплетно грантови. Едниот проект е од 19 500 000 денара за правење на Регионален Стационар со седиште во Општина Кавадарци и ќе бидеме првиот регион, а и првата општина која што ќе имаме стационар за згрижување, лекување, негување, нега и комплетен третман на кучиња бездомници. Така да тоа е еден голем исчекор, голем потег. Исто преку Швајцарската Агенција имаме поднесено, веќе во одобрување Проект за реконструкција на опожарениот дел во делот на Црвен Крст каде што Општина Кавадарци имаше свој имот. Таму се поднеси проект за комплетно реконструирање, односно градење на нови 6 апартмани коишто заедно со Црвен Крст и со Социјалното од Кавадарци ќе функционира во делот на луѓе кои што во некој момент останале без сопствен дом од различни причини. Тоа се 6 апартмани за времено сместување на луѓе плус возило за транспорт и комплетна нега на истите луѓе до нивно враќање во првобитна состојба на нивните имоти и мислам дека имаме уште неколку проекти кои што не се одобрени, а буквално очекувам да бидат, а тоа е мислам одобрено,а не тендериран, тоа е градскиот или пливачкиот базен кој што треба да го правиме преку Агенција за млади и спорт. Верувам дека со овој ребаланс кој што помина сега на Владата дека ќе биде тендериран и да го еднаш изградиме тој базен, пред се за намена за образованието од осново и средно, меѓутоа и во делот на рекреација на нашите сограѓани . Исто проектот е одобрен преку МТСП за градење на Регионален центар за деца со посебни потреби и со комплетен нивен третман во делот на нивна рехабилитација, нивна грижа, згрижување. Проект од 700 000 евра каде

што секое дете според потребите кои што ги има во хендикепот ќе си добие соодветен третман, во соодветно време. Со тоа ќе ни се овозможе можност и постоечката Централна градинка да ја прошириме за уште 3 паралелки и мислам дека движиме во прав правец оние покрупни проекти кои што ги оставаме догодина веќе се во завршна фаза за спортските сали 4, кои што треба да ги овозможиме и да ги направиме во Сопот, Марена, Глишиќ, Возарци и Дреново. Имаме доста за асфалтирање и четвртата фаза од заемот со грант на Општините кај што имавме 1 200 000 евра за користење и се изградија, се реконструираа повеќе улици, вклучувајќи ја последна Дисанска. Сега на 15-ти август 4-тата фаза, меѓу првите општини сме што влегуваме во четврта фаза ќе биде Димката Ангелот Габерот, улицата Видео Смилевски, Слога и дел од Бул.Цветан Димов ми се чине, така да и комплетна реализација на тие проекти ќе има, меѓутоа Општина Кавадарци работе доста и на подобрување на сообраќајната сигнализација, на безбедност на патиштата. Имаме тендерирано два нови семафори. Едниот семафор ќе биде поставен на самата раскрсница кај Градската Капела, пошто е доста ризична и така проценета, одобрен проект тендерирано, а другиот семафор ќе биде поставен на улица Шишка на раскрсницата баш со спојот на Општата Болница и нормално по сите селски средини имаме тендер за села т.н. кај што има доста поплочување, негде околу 7,8 метри за поплочување, асфалтирања и имаме во моментот доградување на канализациона мрежа во село Раец. Мислам дека комплетно се опфатени сите сегменти, а поготово претходната точка што ја гледавме за јавниот превоз. За жал како држава и како Европа и како светско ниво во моментот сме во едно лошо независна ситуација каде што организацијата на јавниот превоз дојде да биде морбидна состојба за секој еден граѓанин кој што живее во периферија и во село. Едноставно не може да си организира транспорт за нивните лични дневни потреби, затоа што превозот дојде многу скап, редовните линии кои што ги имаме се на некој начин од приватните концесионери редуцирани поради неисплатливоста од зголемоувањето драстично на горивото и мислам дека во прав момент ќе биде ова претпријатие формирано и се надевам на брза набавка на новите автобуси и постоечките да можеме да имаме комплетно линија од сите населени места, од сите села, а и градска линија на сите жители на Општина Кавадарци и тука верувам дека со тој Правилник кој што ќе го донесиме ќе ги усогласиме цените да оние луѓе кои што живеат во селата не бидат екстра оптеретени, едноставно плаќаат ист билет или иста цена со кофинансирање од самата Општина како да имаат градски билет или градска линија. Она советникот Вуко Мелов што го спомна во делот на недивеење со маркици. Тука советниче не можеме и

да сакаме да дивееме и да не дивееме секој што поседува имот и кој што има маркица оваа е објективна Општина, има право да си поднесе проект и да си почне со градење на тоа што е уцртано на таа маркица по претходно донесен Генерален План и ДУП. Нормално ние не можеме да му го ускратиме правото на никој да граде или да му речиме нема да градите сега или било како. Населбата што ја гледате и што се развива во делот на новиот центар, во делот наспроти хотел Фени, под хотел Фени, кај новиот суд ја очекувам таа населба за 3, 4 години, тие мртви места ќе ги наречам по изградбата на црквата Св. Петка сите тие мртви места кои што ги имавме да оживеат, да се изграде и молот и станбените објекти, меѓутоа и комерцијалниот објект до котларата и самата котлара да се направи според ДУП, меѓутоа и да бараме решение заедничко за решавање на постоечкиот Суд кој што стое повеќе од 30,40 години неизграден, Младинскиот Дом и Младинскиот Центар кој што мислам дека тоа е тоа бетонизирање на Кавадарци, кое што стое бетон, а треба да му најдиме намена и да го ставиме во функција на граѓаните пошто има многу злоупотреби на самиот објект и на други дивеења таму од понесовесни граѓани и мислам дека тоа ќе се реализира и процесуира. Амбициите ни се големи, меѓутоа пак од друга страна не прате можам да кажам малку и среќа, малку и повеќе знаење, имаме заеднички конструктивност во целокупниот Совет, треба да го поздравиме тоа, што ако сме имале 130 000 000 обврски во јануари, сега имаме обврски од некои 60 000 000. Дај боже да може секоја една компанија и секоја една Општина во тој правец да се движе. Тоа е драстично намалување на обврските и покрај тековните работи кои што се изведуваат и функционираат. Јас како и што ветив и напред уште во јануари месец ви кажав дека Општината после вториот квартал ќе биде во една солидна финансиска кондиција и ќе дојдиме на една позитивна нула, а таа позитивна нула треба да ја менаџираме, да тие средства ги намениме правилно во делот на инфраструктурските, капиталните и оние објекти кои што ги спомнав тогаш во делот на економијата кои што можат да вратат приход на самата Општина, а тоа веќе го работиме. Сами знаете дека Петтата мини Хидроцентрала работи веќе 2 месеци и остварува приход негде од 1 000 000 денари месечен за ЈП Комуналец. Тоа е што ја пуштивме во јануари, февруари месец. Знаете дека на 10 институции инсталираме и се веќе делумно пуштени во работа по 20 kw инсталирана моќност или вкупно 200kw инсталирана моќност фотоволтаици и со последниот ребаланс предвидовме изградба на уште 200 kw Централа фотоволтаична за производство на ел. енергија која што ќе ни биде екстра приход на самата Општина. Од друга страна тоа ќе го ублаже ударот на новата цена на струјата која што ја имаме за

плаќање зголемена двапати по однос на претходната цена која што ја имавме по договор . Така да мислам дека движиме во прав правец и дека Општина Кавадарци има ресурси со кои што обновливи извори, ресурси во кои што има приходи и тоа е еден голем, голем бенефит и за ЈП и за Општината и би го спомнал и Градскиот Пазар. Значи приходите од Градскиот пазар откога е реконструиран и направен се зголемени за 30, 40%. Значи претходното функционирање, пред да го растуриме стариот пазар и да го изградиме новиот приходите беа, сега вака може ќе згрешам некоја бројка, али приближно сум тука, некои 2- 2 500 000 денара на годишно ниво. Со оваа тенденција која што ја имаме со фул, фул издадени тезги , а по иста цена претходна како што беше на пазарот ЈП ќе има некаде околу 3 500 000 денари приход од самите тезги, а и за благодет на самиот пазар користејќи го и паркингот и новата улица која што е пробиена Зелен пазар, сега реконструкцијата и на горната улица и пристапноста на пазарот а ја имаме од три страни, самиот промет на пазарот е задоволително зголемен од кажување на оние луѓе кои што се 20, 30 години по тезги, така да тоа ми е мене пред се задоволство пошто импактот е од повеќе страни. Вториот квартал ќе биде подобар, само да не наидиме во некој колапс, а колапс може да дојде не по наша заслуга или причини, само може да дојде од енергетска криза, може да дојде од криза во делот на нафтени деривати пошто и сами знаете дека нашите училишта, јавни институции делумно се загреваат на ел. енергија, делумно се загреваат на нафта и тоа се големи трошкови зголемени по неколкукратно, така да мислам дека тоа треба да го менаџираме и заедно со директорите на сите институции е укажано на рационално трошење на горивото, не по цена на незагревање на училниците, меѓутоа непотребните простории да не се греат, а нормално за тоа ќе формираме и комисии да можат да ги рационализираат трошковите. И само уште да спомнам еве нека биде ова, ќе добиете и официјална покана како советници среда или четврток ќе биде птворена новата спортска сала која што ја изгради Општина Кавадарци во село Ваташа, комплетно опремена со реквизити, со сите елементи. Така да и тоа школо доби спортска сала за школски потреби за дечињата кои што учат во село Ваташа. Ви благодарам на вниманието .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор третата точка Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година – Втор квартал го ставам на гласање. Кој е за. Пере, Ружиц, Весна за. 14 за. Против. 5.

4. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор .Бидејќи никој не бара збор,истата ја ставам на гласање. Кој е за. 16 за. Пере, Ружица, Весна за. Сите едногласно.
Со тоа е исцрпен денешниот Дневен ред на 4-тата Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци. Ви благодарам на вниманието .

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов